МАРТ - АПРИЛ 2003 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за
Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

Работен состанок за РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГИСТЕР НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ - ПРТР 3

Електронски мрежи на Југоисточна Европа 4

Ready to take a big step forward?
Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you! 6

NGO Conference 7

Чиста енергија, сончева енергија 9

## 5-та Министерска Конференција за животна средина КИЕВ 2003

Во периодот од 21 до 23 мај, 2003 во Киев, Украина ќе се одржи петтата Пан-Европска Министерска Конференција за животна средина. Конференцијата се организира во рамките на процесот ***Животна средина за Европа***. На Конференцијата се очекува да присуствуваат министри за животна средина и претставници на влади од преку 50 европски земји. Основна цел на Конференцијата е продолжување на процесите на креирање политика на одржлив развој на пан-европско ниво, кои се започнати со претходните конференции во Добриш-Чехословачка (1991), Луцерн-Швајцарија (1993), Софија-Бугарија (1995) и Архус-Данска (1998).

На оваа конференција, која е најголем собир кој се однесува на заштитата на животната средина во Европа, ќе присуствуваат и голем број на претставници на невладини организации од цела Европа.

# Поддршка на македонскиот правен систем преку вклучување на меѓународни процедури за Оценка на влијание врз животната средина

*Во периодот од 17-21.03.2003 год. во Хотел Континентал во Скопје се одржа петдневна обука за зајакнување на теоретските и практичните знаења од областа на дизајн, спроведување и следење на инфраструктурните активности во согласност со меѓународните процедури за Оценка на влијание врз животната средина.*

*Обуката е една од активностите на проектот* ***Поддршка на македонскиот правен систем преку вклучување на меѓународни процедури за Оценка на влијание врз животната средина****, спроведуван од Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа-Канцеларија во Македонија, а финансиски поддржан од Јапонскиот Специјален Фонд.*

***Цели на проектот:***

*1. Да се зголеми теоретското и практичното знаење на целните групи за еколошките и одржливите методи во планирањето, спроведувањето и следењето на инфраструктурните активности во согласност со ЕИА меѓународните процедури.*

*2. Зајакнување на капацитетот на владините институции преку вклучување на меѓународните ЕИА процедури во македонскиот правен систем во делот на ЕИА законодавството и процедурите.*

*3. Зголемување на јавната свест и учеството на јавноста во искажувањето на нивната загриженост и нивниот став во поглед на ЕИА пред да се донесе финансиската одлука за изградба-реконструкција на некој објект за кој е потребна ЕИА студија.*

*Целта на обуката беше да придонесе кон зајакнување на капацитетите на владините институции преку вклучување на меѓународните процедури во фазата на изготвување на националната регулатива од оваа област.*

*На обуката присуствуваа четириесетина учесника, претставници на консултантски фирми кои изработуваат студии за Оценка на влијание врз животната средина, претставници од владини институции надлежни за оценка на студиите, претставници од локална самоуправа и невладини организации.*

*Со цел успешно организирање и реализирање на обуката, беше составен меѓународен експертски тим кој ги претстави меѓународните процедури за Оценка на влијание врз животната средина на агенциите во САД, ЕУ, Јапонија и финансиската институција ЕБРД вклучувајќи го и учеството на јавноста при донесување на одлуки за изградба на инфраструктурен објект.*

*На обуката беа обработени повеќе теми меѓу кои Основи на Оценка на влијание врз животната средина; Основи на Оценка на стратеШко влијание врз животната средина; Вовед во следење и намалување на влијанијата врз животната средина; Алатки за изработка на Оценка на влијание врз животната средина; Претставување на меЃународните ЕИА процедури (ЈИЦА, УСАИД, ЕБРД, ЊБ, ЈБИЦ и др); Учество на јавноста во фазите на подготовка и изготвување на ЕИА студиите*

*Лице за контакт*
*Славјанка Пејчиновска Андонова*
*е-маил: slavjanka@rec.org.mk*

**Адреса на главната канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szentendre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2/2
1000 Скопје
Тел: 02 131 904
Факс: 02 128 116
e-mail: rec@rec.org.mk

# Работен состанок за РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГИСТЕР НА ЗАГАДУВАЧИ И ПРЕНОС НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ - ПРТР и Последни подготовки за Киев

Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи - ПРТР е дел од Македонската национална стратегија за влез во Европското семејство. ПРТР значи унапредување на пристапот до информации за загаденоста на животната средина и е дел од имплементацијата на Архуската конвенција (член 5: Собирање и објавување на информации за животната средина). ПРТР системот бара изготвување на база на податоци за испуштањата или преносот на група материи кои што се од јавен интерес, како и обезбедување на пристап на јавноста до оваа база на податоци.

Македонското Министерство за животна средина и просторно планирање веќе ја има започнато кампањата и активностите за создавање на овој регистер на податоци. Министерството учествуваше во конечното утврдување на драфт ПРТР протоколот од страна на ПРТР Работната група во Женева. Во процедура е превод на протоколот и превод од препораките за национален ПРТР систем од страна на ОЕЦД. Препораките ќе се состојат од:

- Главни прашања во одлучувањето за воспоставување на ПРТР,
- Формулирање на општи и посебни цели и листа на материи - ПРТР,
- Прашања поврзани со ракување и управување на податоци,
- Достапност на информациите до јавноста,
- Реализација на целосен ПРТР систем

Од 23 до 25 Март 2003 во Сентендре, Унгарија се одржа работилница за Развој и имплементација на ПРТР во Југоисточна Европа на кои земаа учество претставници од Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Македонија, Полска, Романија, Србија и Црна гора, Словенија, Турција.

Преку искуства во своите земји експертите од Холандија, ОЕЦД, УНЕЦЕ, УНИТАР и РЕЦ ја доближија имплементацијата на ПРТР протоколт до комплетен успех. Како најпоучни презентации беа оние на експертите од Холандија кои го претставија ПРТР протоколот комплетно имплементиран во нивната држава меѓутоа и стратегијата и механизмот за негова имплементација. Од страна на ОЕЦД како водач на ПРТР протоколот беа претставени активностите од самиот почеток до веќе остварените успеси. Како најдобар пример беше презентиран моделот на  Република Чешка во имплементација на протоколот и беше презентирана интернет страната на која јавноста има пристап до сите информации. Преку практични вежби, т.н. Виртуелно училиште се дојде до видлив напредок и знаење за успешно спроведување на овој протокол во земјите од Централна и Источна Европа.

Беше одржана и работна сесија во пресрет на министерската конференција во Киев. Освен протоколот на потпишувачите во Киев им е понудена на потпис и драфт резолуција предложена од секретаријатот на Архуската конвеција. Беше разговарано и да се одржи и еден состанок на високи владини претставници фокусиран на ПРТР протоколот и сите организации кои работат на полето на ПРТР да учествуваат во лоби кампањата за потпис на протоколот.

Македонија го потпиша протоколот во Киев. Претставници на Република Македонија на овој состанок беа Катарина Стојковска и Методија Саздов.

Лице за контакт:
***Методија Саздов***
seedp@freemail.com.mk

# Електронски мрежи на Југоисточна Европа

*Изјава од електронските мрежи на Југоисточна Европа*

Од вториот регионален состанок на Електронските мрежи на Невладините организации од областа на животната средина од Југоисточна Европа, одржан на 4 и 5 април 2003 година во Приштина и Брезовица, Косово.

**Вовед**

Ова е изјавата од електронските мрежи на Невладините организации од областа на животната средина од земјите на Југоисточна Европа: Албанија, Бугарија, Босан и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија и Црна Гора и Турција, учесници на Вториот регионален состанок во Косово, кои се обврзаа да ги продолжат нивните напори во промовирање на електронското вмрежување како успешно средство за комуникација и соработка во регионот на Југоисточна Европа. Ние му изразивме добредојде на новиот партнер од Турција, кој учествуваше за прв пат на состанок на електронски мрежите на Невладини организации од Југоисточна Европа.

**Напредок (постигнати резултати) од Првиот Регионален Состанок**

1. Состаноци и работилници: тренинзи и размена на искуства

Да се продолжи со зајакнување на капацитетите на младите тимови за мрежи, BlueLink и StrawberryNet учествуваа како фацилитатори и тренери на повеќе работилници во регионот промовирајќи електронско вмрежување и соработка:

-работилница: "Електронска комуникација - алатка за Невладините организации од областа на животната средина во Хрватска"

-Соработка на Еко.Нет и ОрангеНет во БлуеЛинк (поддржано од Милиеуконтакт Оост-Еуропа)

-Втора работилница за електронско вмрежување во Косово

-Национален состанок на електронски Невладини организации во Србија и Црна Гора

-Работилница за регионално уредување и размена на содржини

2. Во периодот помеѓу двата состаноци, следните мрежи креираа сопствена веб страна:

-SharriNet, Косово - www.sharri.net

-EkoMrezaBiH, Босна и Херцеговина - www.ekomrezabih.net

-Center for electronic communication, Албанија - www.qke-al.org

-Е-мрежата на Невладината организација од областа на животната средина Volvox беше иницирана во Србија и Црна

3. Заедничко делување и кооперативни иницијативи: Процес на размена на содржини

Преку иницијативата "Регионална размена на содржини од областа на животната срредина во регионот на Југоисточна Европа" беше имплементирано постигнувањето на некои од целите поставени на Првиот Регионален Состанок. БлуеЛинк ја започна иницијативата за соработка со СтрањберрѕНет (Романија) и Зелена Истра (Хрватска). Проектот за размена на информации беше поддржан од страна на грантот на ГТЗ во РЕЦ - Сентендре. Подоцна Младите Истражувачи од Бања Лука (во името на ЕкоМрежаБиХ, Босна и Херцеговина) и Еџо-Дибра (во името на Центарот за електронска комуникација, Албанија) станаа партнери. Дополнително во процесот на размена на содржини се придружија ОрангеНет (Молдавија), Волвоџ (Србија и Црна Гора) и СхарриНет (Косово). Резултатите од оваа иницијатива (њњњ.сее-енвиронмент.инфо) промовирање на електронските мрежи како значајна алатка за комуникација и поттикнување на соработка помеѓу различни мрежи во Југоисточна Европа.

**Предизвици и пречки**

Во процесот на презентирање на идеи, како дел од состанокот, беа дефинирани најважните предизвици и пречки. (Оваа листа не мора да биде дел од декларацијата)

1.Финансирање

2.Промовирање на мрежите помеѓу корисниците и пошироката јавност

3.Култура на комуникација во мрежа
4.Развој на организаторски структури
5.Обезбедување на услуги за делување
6.Иднина на мрежите - оддржливост
7.Недостаток на човекови извори
8.Размена на информации и градење на доверба помеѓу корисниците
9.Раководење со информации, систематско собирање на информации
10.Соработка и комбинирано делување со други мрежи

**Резултати од состанокот**

1.Состанокот беше со цел да се зголеми развојот на мрежите и да се идентификуваат некои приоритетни теми и следните препораки за периодот што следува:

-Зголемување на капацитетот на раководење со информации и содржини преку: развој на посебни кориснички услуги и продукти за информации на веб страни; листи за комуникација, дистрибуција на информации, промоции и онлајн консултации, организирање на работилници и тренинзи за градење на капацитети, софтвер, собирање информации од корисниците (Невладини организации и индивидуи), медиуми, партнери, развој на комуникации во мрежи преку тренинзи, мониторинг, дискусии за иницирање на теми, развој и размена на Кодекс од правилата.

-Барање на оддржливост преку: долготрајно одредување на буџетот и стратешко планирање останува релевантно за општеството и корисниците; финансирање од различни извори; партнерство за регионални теми, барање за соработка со други сектори и стејкхолдери; бизнис, власти, итн. Градење на капацитет, тренинзи, нагласување на мотивација и професионализам, регуларен преглед и мониторинг на работата, одржување на комуникација со корисниците.

-Промоција на мрежите меѓу корисниците и пошироката јавност преку: градење на доверба помеѓу НВОи преку отвореност и транспарентност, директни состаноци, здружени активности, идентификување на фокал поинт и размена на извори, професионална работа со медиуми (добар ПР), развој на промотивна / маркетинг стратегија.

-Развој на соработка и комбинирано делување со други мрежи (НВОи од областа на животната средина и други) преку: комуникација на нивните членови преку нашите корисници, одредување на заедничките предизвици, иницирање на директни состаноци и барање на можна соработка и заеднички активности

-Развој на организациски структури преку: анализа на постоечките можности (институционални структури дома и во странство), проучување на локалните услови и легислативе и Меѓународни регулативе за да се исполнат подобро барањата на мрежите

Со оваа изјава мрежите учеснички се обврзуваат себеси да се поддржуваат меѓусебно и да соработуваат во постигнување на препораките наведени погоре.

2.Важно за состанокот беше процесот на размена на искуства и сознавање на меѓусебните потреби, базирани на студиите од искуствата на БлуеЛинк и СтрањберрѕНет - двете најискусни електронски мрежи на НВОи од областа на животната средина.

3.Учесниците на овој состанок ја спознаа улогата на Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) за организирање на состанокот и професионалната помош и фацилитирање на Милиеуконтакт Оост Еуропа (МКОЕ).

4.Да продолжи развивање на процесот на електронски мрежи на НВОи од областа на животната средина во Југоисточна Европа, земјите учеснички ја сознаа важноста на идната поддршка од РЕЦ, МКОЕ и други потенцијални донори -организатори.

**Учесници**

На оваа изјава се согласија претставниците на:
х БлуеЛинк Мрежа на Информации, Бугарија
х Центар за електронска комуникација, Албанија
х ЕкоМрежаБиХ, Босна и Херцеговина
х Еко.Нет, Македонија
х Зелен Форум, Хрватска
х ОрангеНет, Молдавија
х СтрањберрѕНет, Романија
х СхарриНет, Косово
х Волвоц, Србија и Црна Гора и новиот учесник
х Анатолиан Енвиронментал & Едуцатионал Солидаритз Ассоциатион, Турција

Втор Регионален Состанок, Приштина, Брезовица, 4-7 април 2003 год.

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
for Central and Eastern Europe

ASSOCIAZIONE AMBIENTALISTA
L'UMANA DIMORA Lazio

## TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2003 - 2004

# Ready to take a big step forward?

**Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?**
**Do you have the potential to be a leader?**
**Are you ambitious, talented and resourceful?**
**Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?**
**Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!**

### Introduction

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

### Focus

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

### International exposure

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

### Eligibility and funding

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2003 and 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Yugoslavia.
The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

### Selection process

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

### Schedule for 2003

| Training period | Application Deadline |
|---|---|
| October 20 - November 15, 2003 | August 11, 2003 |

### Schedule for 2004

| Training period | Application Deadline |
|---|---|
| January 12 - February 7, 2004 | November 10, 2003 |
| March 8 - April 3, 2004 | January 12, 2004 |
| May 3-29, 2004 | March 8, 2004 |
| June 14 - July 10, 2004 | April 5, 2004 |
| September 6 - October 2, 2004 | July 5, 2004 |
| October 18 - November 13, 2004 | August 16, 2004 |

### Application and more information

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at the end of this document. Please complete the form in English, providing complete information as requested, and return it by e-mail, fax or post to.

Adriana Craciun
Project Manager
NGO Support and Capacity Building
Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut 9-11
2000 Szentendre, Hungary
Tel. (36-26) 504-068
Fax (36-26) 311-294
E-mail: acraciun@rec.org

# NGO Conference

Dear NGO Colleagues:

We are pleased to invite you to attend the 56th Annual Conference for Non-Governmental Organizations (NGOs) associated with the United Nations Department of Public Information (DPI), which will be held at United Nations Headquarters in New York from Monday to Wednesday, 8-10 September 2003. The Conference is being organized by the NGO Section of DPI together with the Executive Committee of NGOs associated with DPI.

This year's Conference, "Human Security and Dignity: Fulfilling the Promise of the United Nations", will shift our attention back to the real sources of human security drawing on the policies and programmes that emphasize economic and social development, human rights and a healthy environment over military action to assure that all people live with dignity and security. The theme also ties into the UN Millennium Development Goals (MDGs) of eradicating extreme poverty and hunger; achieving universal primary education; promoting gender equality and empowering women; and ensuring environmental sustainability.

The Conference will open on 8 September in the General Assembly Hall with addresses by keynote speakers. It will feature five morning and afternoon panels, as well as about 30 Midday NGO Workshops. Speakers will include eminent personalities, high-level government and UN officials, and representatives of civil society from all regions of the world. These will include representatives of NGOs, academia, the private sector and the media who have first-hand field experience. There will be more opportunities this year for interaction among NGO representatives during the plenary sessions as well as during specials events.

Last year, more than 2,000 people from 70 countries, representing 760 NGOs attended the Conference, which has become the premier NGO event at the United Nations Headquarters.

You may extend this invitation to members and staff of your organization, especially those involved in your public information programmes. We also encourage community leaders, educators and the media to attend. We particularly encourage participation of youth in the Conference. Therefore, we would like you to extend this invitation to young persons who are members of your organization or who work with you on the issues that are relevant to the theme of the Conference. Please note that we must limit the number of participants from any one organization to no more than five persons in order to allow others to participate.

All participants, including those who already have a UN grounds pass, are required to pre-register for the Conference. Please register soon (see form attached) in order to ensure timely receipt of your confirmation letter and a special invitation to the Conference Reception organized by the NGO/DPI Executive Committee on 8 September.

Please be advised that the DPI/NGO Section cannot assist NGO representatives in obtaining United States visas, and we cannot fax confirmation letters to United States embassies. Arrangements for travel, visa, and accommodations, as well as all expenses related to participation in the Conference, must be provided for entirely by the participants or their sponsoring organization. All registration forms must be received by 20 July 2003. Please complete the attached registration form and return it to the NGO Section of the Department of Public Information:

DPI/NGO Resource Centre, Room L-1B-31
United Nations
New York, NY 10017 USA
Fax: (212) 963-2819

Please check our web site at www.un.org/dpi/ngosection for updated information on the conference. We look forward to seeing you at the Conference.

Sincerely,

**Paul Hoeffel**

Chief, NGO Section
Department of Public Information
Co-chair, Planning Committee
56th Annual DPI/NGO Conference and

**Fannie Munlin,**

UN Representative
NGO/DPI Executive Committee
Chair and Co-chair,
56th Annual DPI/NGO Conference Plan ning Committee

# Чиста енергија, сончева енергија

Во последниве неколку години кај нас како и насекаде во светот, се повеќе се актуелизира прашањето на можностите за користењето на сончевата енергија како најидеален вид на експлатација на енергија. Постојат две основни причини за тоа: првата е неопходноста за изнаоѓање на нови енергетски извори посебно потенцирана при последната енергетска криза, која не ја одмина ни нашата земја и која може да продолжи и понатаму со поголеми и помали осцилации, и втората е потребата за нови извори на енергија кои нема да претствуваат дополнително загадување на животната средина или т.н. “ чисти извори на емергија“.

Во потрага за евтина, безбедна и чиста енергија чии резерви практично се неисцрпни, погледите се повеќе се свртуваат кон Сонцето-извор на севкупниот живот и раздвижувач на севкупните процеси на Земјата, кои до денес е се уште во сенката на конвенционалните ресурси на енергија: јагленот и нафтата.

Факт е дека од вкупните потреби на енергија приближно 70 % припаѓа за потребите за добивање на топлинска енергија. Во овј домен преку 50% се анагажира за нискотемпературни процеси со температура под 100о С, што укажува на податокот колку многу квалитетни видови на енегија: нафта, јаглен, мазут и сл. се трошат за овие нискоенергетски процеси.

Меѓутоа и најосновните пресметки покажуваат дека директната сончева енергија може и брзо и ефтино да се претвори во многу поквалитетни и променливи форми на енергија. Од друга страна, сончевата енергија е најидеална форма за експлатација на енергијата набљудувано од економска гледна точка, бидејќи не ја загадува животната средина, ниту пак влијае врз многу актуелните климатски промени врз земјата, што не не е случај со класичните извори на енергија.

Сончевата енергија е енергија на иднината за чија експлатација не треба веќе да се размислува туку треба уште ведаш да почне помасовно да се употребува, особено ако се има во предвид општата енергетска слика на нашава држава, изразитата енергетска сиромаштија во енергија од фосилните горива и изразитото богатсво во сончевата енергија.

Имајќи во предвид дека во Р. Македонија веќе се технички и технолошки разработени поедини системи со рамни колектори, а некои од нив се подготвени и за масовно производство, тогаш се семнта дека е созреано и времето за поширока употреба на системите за добивање на топла вода.

Едиствен проблем што преставува за нивниот пласман е високата даночна стапка од 18 % што грѓаните го плаќаат при и инсталацијата на сончевите колктори. Доколку ги следиме европ-

***Годишна инсталација на сончеви колектори за добивање на топла вода во Европски земји***
(изразено во м2)

| | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|
| Германија | 420,000 | 615,000 | 900,000 |
| Грција | 195,000 | 181,000 | 160,000 |
| Австрија | 141,000 | 168,000 | 169,000 |
| Франција | 15,500 | 23,100 | 38,000 |
| Шпанија | 33,000 | 40,000 | 50,000 |
| Италија | 22,000 | 27,000 | 40,000 |
| Данска | 16,000 | 18,000 | 17,400 |
| Швајцарија | 29,600 | 26,200 | 26,700 |
| Португалија | 4,500 | 6,000 | 8,000 |
| Холандија | 30,000 | 32,000 | 35,000 |
| Шведска | 9,300 | 18,200 | 13,000 |
| В.Британија | 8,700 | 9,600 | 10,500 |
| Финска | 8,500 | 9,700 | 9,800 |
| Белгија | 1,500 | 2,000 | 2,600 |
| Ирска | 1,000 | 380 | 370 |
| **ВКУПНО:** | ***935 600*** | ***1 555 800*** | **1 850 000** |

ските применри ќе видме дека секаде оваа стапка се многу ниска со што цената на колекторите ја прави пониска и порифатлива за граѓаните.

Иницирани од фактот дека Македонија е земја со голем сончев потенцијал, кој досега не е рационално искористен, здружението на граѓани Проактива од Скопје, во соработка со Е.Д. Светлина од Неготино и Етерна Солар - приватно претпријатие за монтажа и инсталација на сончеви колектори од Скопје, ноеодамна започна да го реализира проектот "Сонцето-нашата иднина". Основна цел на проектот подигање на јавната свест за можните начини за искористувањето на сончевата енергија и тоа преку практични примери и презентации, со цел оваа бесплатна-обновлива енергија да стане почесто употребувана во секојдневниот живот. Проектот е поддржан од националниот грант на Регионалниот центар за заштита на животната средина, со финансиска поддршка од Данското министерство за животна средина и енергија.

Лице за контакт:

***Влатко Трпески***
ПРОАКТИВА- Скопје
info@proaktiva.org.mk

# Експертскиот тим ги прифаќа мислењата на јавноста за Предлог Законот за квалитет на воздух



Како продолжување на активностите во рамките на проектот "Кампања за подигање на јавната свест за донесување на законот за квалитет на воздух" воден од Министерството за животна средина и просторно планирање и РЕЦ-Канцеларијата во Македонија по петте јавни трибини организирани во пет градови од Македонија: Тетово, Струмица, Кочани, Битола и Велес, во месец декември на 17 Март, 2003 година се одржа јавна трибина во Скопје во просториите на Клубот на пратеници.

Целта на јавната трибина беше информирање на јавноста: граѓаните, локалната самоуправа и стопанскиот сектор, за измените направени во предлог законот за Закон за квалитет на воздух како и обезбедување услови за нејзино активно учесто во креирање на законската легислатива во Република Македонија, преку давање на сугестии и коментари.

Посетеноста на јавната трибина беше навистина за поздравување. На трибината активно учествуваа преку педесетина учесници, претставници на сите релевантни организации и институции, преставници на поголемите индустрии и на повеќе невладини организации. И со оваа јавна трибина уште еднаш се покажа дека ваквиот пристап со активно учество на јавноста е вистинскиот пристап при измена или донесување на нов закон.

Сите подетални информации во врска со одржаните јавни трибини и реализацијата на проектот, како и примероци од брошурата, од предлог законот и од прашалникот можете да ги добиете во Канцеларијата на РЕЦ.

И понатаму секоја ваша сугестија или коментар во врска со предлог на новиот Закон за квалитет на воздух е обезбедена и преку пополнување на прашалникот кој се наога на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moe.gov.mk/zakonzavozduh.pdf како и на е-маил адресата zakonzavozduh@moepp.gov.mk.

Проектот е дел од Регионалната програма за реконструкција на животната средина (РЕРеП) во Југоисточна Европа како еколошка иницијатива во рамките на Пактот за Стабилност на ЈИЕ. Овој проект е финансиски подржан од Сојузната Влада на Германија и координиран од ГТЗ (Deutche Gesellschaft fuer Technische Zusammenarbeit GmbH) како агенција за негова имплементација.

Лице за контакт:
***Корнелија Радовановиќ***
kornelija@rec.org.mk

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

**Активности за Денот на Планетата Земја**

Министерството за животна средина и просторно планирање, и оваа година го одбележа 22 април - Ден на Планетата Земја, што претставува еден дел од активностите на Канцеларијата за комуникација со јавноста за развивање на еколошката свест и дополнување на сликата за животната средина кај најмладите, под светското мото “Кој вели дека не можеш да го промениш светот“.

За таа цел во Канцеларијата за комуникација со јавноста (простории во НИП Нова Македонија, поранешна книжарница Детска радост) на 22 април (вторник) со почеток во 9:30 часот, се реализираше манифестација во која со свои гледања на светот и пораки за возрасните учествуваа децата од Детската градинка Пролет и Франкофонската детска градинка.

Втора манифестација која се одржа на овој ден беше ликовна изведба на отворено во Зоолошката градина со почеток во 11 часот, која се реализираше во соработка со Домот на културата Кочо Рацин и Проектот ЛЕАП на град Скопје. Учесници на овој ликовен хепенинг беа ликовните уметници и ученици од: Училиште за применета уметност Лазар Личеновски, Дом за деца без родители 11 Октомври, Завод за рехабилитација на деца со оштетен вид, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух и војници на АРМ.

Еколошкото друштво Планетум од Струмица организираше младинско дефиле во чест на планетата Земја. Во рамките на дефилето, Ученици од четири основни училишта од Струмица, тргнаа од училишните дворови и се движеа кон плоштадот на градот. Сите групи во точно одредено време се сретнаа на плоштадот и заедно продефилираа низ неколку поважни улици во центарот на градот. Учениците носеа транспаренти наа тема отпад. Исто така беше реализирана и Еколошка ликовна работилница на отворено. Во организација на комуналното претпријатие и локалната самоуправа беа обезбедени корпи за отпадоци, кои беа поставени во централното градско подрачје.




Еколошкото друштво Флора од Крива Паланка реализираше театарска претстава на отворено со наслов **До кога со цврстиот отпад**.

**Излезе првиот број на Информаторот на Центарот за енергетска ефикасност**

Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) го издаде првиот број од Информаторот ИнфоМАЦЕФ. Основна цел на ИнфоМАЦЕФ е информирање за проблематиката за енергетска ефикасност и манифестациите од оваа област кои се случуваат во земјата и светот. Исто така ИнфоМАЦЕФ има за цел поблиска комуникација меѓу членовите на МАЦЕФ и општеството, како и информирање на другите невладини организации за целите и можностите на членовите на МАЦЕФ.

Информмациите во ИнфоМАЦЕФ ќе бидат сместени во неколку поглавја и тоа: вести од земјата, вести од околните соседни земји, корисни врски (веб-адреси), конгреси, симпозиуми, собири и други манифестации, писма од читателите. Посебно внимание ќе биде посветено на следење на меѓународните тендери за да можат членовите сами, во меѓусебна соработка, као и во соработка со странски партнери да оформат успешни апликации за барање на финансиска поддршка.

ести - ЕкоВести - ЕкоВести

## Нова веб страница на РЕЦ

Регионалниот центар за заштитна на животната средина за Централна и Источна Европа го лансираше својот ново-дизајниран веб сајт. Новиот дизајн на веб сајтот е резултат на процес кој во себе вклучуваше прибирање на информации и коментари од посетителите и корисниците на веб сајтот.

Главното подобрување на веб сајтот на РЕЦ е реализирано преку ново, интерактивно главно мени за навигација, кое овозможува прстап со еден клик до сите клучни страници на сајтот. Ова мени поврзува со сите он-лајн продукти на РЕЦ, како и до сите информации за РЕЦ како организација. Коментарите од страна на корисниците на сајтот покажаа дека најголем дел од корисниците сакаат опција за пребарување многу повеќе отколку да ги користат менијата за навигација. Поради тоа, во главното мени е додадена опција за брзо пребарување на сајтот. Главното мени е поддржно од странично мени кое на корисниците им дава информации за грантови, обуки и можности за вработување, како и разни други содржини од новости во врска со животната средина, до изјави за печат.

Како и досега веб сајтот на РЕЦ може да се посети на www.rec.org. Имајќи го во предвид фактот дека ниеден веб сајт никогаш не е целосно готов, Вашата повратна информација е добредојдена, без разлика дали е дадена преку форумот на «forum.rec.org» или преку праќање на писмо директно до уредникот на webmaster@rec.org.

## Календар на активности на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во периодот јуни-јули 2003 година

**6-8.06. 2003 год.** - Велес, мотел Македонија, Трет семинар за Невладини организации од Република Македонија, за практични аспекти од спроведување на Архуската Конвенција, во рамките на проектот РЕРеП 2.2 Развивање на стратегија за спроведување на Архуската Конвенција во Република Македонија.
Одговорно лице: Јордан Бајрактаров, Раководител на НВО програми

**11-13.06. 2003 год.** - Охрид, хотел Милениум Палас, Втора Регионална средба во рамките на проектот РЕРеП 1.2 Помош во развивање и утврдување на програма за приоритетни инвестиции за животна средина
Одговорно лице: Даниела Симова, Финансиски раководител

**16.06. 2003 год.**- Кавадарци, Регионална средба како дел од проектот на ЈСФ Јапонски Специјален фонд - Поддршка на Македонскиот правен систем со меѓународни ЕИА процедури
Одговорно лице: Славјанка Пејчиновска - Андонова, Раководител на проекти

**17.06.2003 год.** - Штип, Регионална средба како дел од проектот на ЈСФ Јапонски Специјален фонд - Поддршка на Македонскиот правен систем со меѓународни ЕИА процедури
Одговорно лице: Славјанка Пејчиновска - Андонова, Раководител на проекти

**18.06. 2003 год.** - Скопје, Клуб на пратеници, Регионална средба како дел од проектот на ЈСФ Јапонски Специјален фонд - Поддршка на Македонскиот правен систем со меѓународни ЕИА процедури
Одговорно лице: Славјанка Пејчиновска - Андонова, Раководител на проекти

**21-24.06. 2003 год.** - Охрид, хотел Гранит, Тренинг за новинари за животна средина од регионот на Југоисточна Европа, во рамките на проектот Регионален Еколошки Прес Центар.
Одговорно лице: Јордан Бајрактаров, Раководител на НВО програми

**27.06. 2003 год.** - Скопје, Состанок на интерминистерската група во рамките на проектот РЕРеП 2.2 Развивање на стратегија за спроведување на Архуската Конвенција во Република Македонија.
Одговорно лице: Корнелија Радовановиќ, Раководител на проекти

**7-9.07. 2003 год.** - Охрид, Втора Национална работилница во рамките на проектот РЕРеП 1.4 Оценка на влијание врз животна средина и стратешка оценка на влијание врз животна средина во земјите на Централна и Источна Европа
Одговорно лице: Славјанка Пејчиновска - Андонова, Раководител на проекти

**10-12. 07. 2003 год.**- Охрид, хотел Белви, Регионална работилница во рамките на проектот РЕРеП 1.3 Изготвување на нацрт верзија на нови закони од обласга на жиовтната средина во земјите на Централна и Источна Европа.
Одговорно лице: Славјанка Пејчиновска - Андонова, Раководител на проекти

# Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Босна и Херцеговина и Југославија. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животнатасредина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени такашто ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







**Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија**

ул. “Митрополит Теодосиј Гологанов“
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

e-mail: rec@rec.org.mk
тел: (02) 131 904
факс: (02) 128 116

*Прима:*